ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

Sweden Sverige

Еко-Svest

MYLA

CNVP
Building a Greener Economic Environment

ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

ЕКО свест

Граѓанските организации во акција за климатските промени

Програма за доделување грантови

Скопје, ноември 2024 година

Тим

Стојан Лешоски – Грантов и ИТ координатор

stojan@ekosvest.com.mk

Елена Николовска – Програмски координатор за клима

elena@ekosvest.com.mk

Жарко Конески – Проектен координатор

zarko@ekosvest.com.mk

Елена Тодоровска – Координатор за финансии

elena.todorovska@ekosvest.com.mk

Инфо сесија

За повикот за грантови е организирана една информативна сесија на:

11.11.2024 година (понеделник) во 11:00 на платформата ZOOM,
https://zoom.us/meeting/register/tJ0rcOyprz8qHNECF2aPeFfr5Vsqw3bNHwft

Напомена: Инфо сесијата ќе се снима!

Веб страницата на Еко-свест https://ekosvest.com.mk,

ГЛАВНА ЦЕЛ

Силно и енергично граѓанско општество, кое игра значајна улога во процесот на декарбонизација, трансформација и обнова на општеството, што резултира со чиста животна средина, зелена економија и здрави граѓани на Македонија.

Специфични цели

1. Зајакнување и поттикнување на граѓанското општество да се вклучи во процесот на донесување на одлуки и превземање на локални акции, јакнејќи им ги нивните капацитети, знаења и вештини и обезбедувајќи ги потребните ресурси за оваа работа.
2. Зголемување на јавната свест за можностите за економија со низок јаглерод и зелена трансформација и градење на јавен притисок на институциите за да се обезбеди овој развој преку промена на политики и програми.

Цели на повикот

Со овој повик ќе им се обезбеди на граѓански организации да преземат директни акции во ублажување на последиците од климатските промени на локално или национално ниво и да поттикне синергија и партнерство со локалната власт и бизнис заедницата.

Целни групи

Членовите на мрежите на Коалицијата за клима и Екосфера, кои бројат околу 100 активни ГОи во полето на заштита на природата;

Повеќе од 200 постоечки основни организации, национални ГОи, формални и неформални мрежи кои адресираат различни области/сектори коишто се релевантни на климатски промени.

Времетраење на грантовите

Грантовите за Локални климатски акции треба да се спроведат во временски период не подолг од **5** месеци и да завршат најдоцна до **30 април 2025 година**.

Краен рок за доставување на финален и ревизорски извештај не подоцна од **9.05.2025 година**.

Вредност на грантот

Ќе бидат доделени до **2** грантови. Вредноста на одбрен грант не смее да надмине **900.000,00 денари**.

Sweden
Sverige

Рок за доставување на пријавите

Рокот за поднесување на пријавите преку електронската платформа е до **19.11.2024 година** до **12:00 часот**.

Пријавите кои нема да бидат комплетирани во овој термин нема да бидат земени предвид.

Грантови за локални климатски акции

До **30%** од вкупниот буџет може да биде наменет за човечки ресурси (персонал, експерти, хонорари).

60% од буџетот треба да се употребат за набавка на материјали (садници, системи за наводнување, итн).

До **10%** од буџетот може да се користи за логистика и трошоци. Во овој дел е вклучена и задолжителната ревизија на проектот.

Доколку во проектот се предвидува партнерска соработка со друга граѓанска организација, институција или правен субјект истата треба да биде обезбедена како дел од предлог документацијата.

Грантови за локални климатски акции

Доколку во проектот се предвидени активности за кои е потребна некаква дозвола од институција или правен субјект истата треба да биде обезбедена како дел од документацијата на предлог проектот.

Во склоп на овој повик не се бара да се обезбеди контрибуција за проектите. Доколку поради природата на проектот или желба на самата ГО да го зголеми ефектот од истиот сака да прикаже контрибуција, истото може да го направи.

Буџетот мора да е издржан добро испланиран со реални трошоци и целосно разложен, а во времетраењето на проектот се дозволува само една пренамена на средства.

Грантистите за проекти треба да доставаат **два (2) периодични (наративен и финансиски) и еден (1) финален (наративен и финансиски) извештај**. Дополнителни извештаи можат да бидат побарани по потреба од страна на донаторот.

Корисници

Владини институции од централната и локалната власт: Министерство за Економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и управување со вода, канцеларијата на вице-премиерот одговорен за економски прашања.

Општините, Центрите за регионален развој, членови на Собранието, итн.

2 милиони жители на Македонија кои ја претставуваат јавноста, со специфичен фокус на ранливи групи, како жени, млади, стари и сиромашни заедници.

Sweden
Sverige

Засегнати страни

- Мрежата на ГОи од различни сектори - туризам, рурален развој, шумарство, и др.
- Бизнис асоцијации, Стопанска комора (енергија, туризам, итн).
- Синдикати и нивни здруженија (фармери, шумарски асоцијации, здруженија за заштита од пожари, итн).
- Властите на заштитени подрачја (национални паркови, споменици на природата, итн).

Критериуми за подобност

- Повикот е наменет за граѓански организации регистрирани во Македонија според Законот за здруженијата и фондациите што работат на локално и на национално ниво.
- Организациите треба да се регистрирани најмалку две години пред објавувањето на овој отворен повик за проекти.
- Организациите се охрабруваат да работат во партнерство со локалните организации и/или да соработуваат со институции, професионални здруженија, граѓански иницијативи или други организации, кои ќе овозможат подобар пристап до пошироката публика или до целната група избрана за нивниот проект.
- ГО кои веќе биле корисници на грант во склоп на оваа програма не можат да добијат втор грант.

Критериуми за избор и учество

Предвид ќе бидат земени пријавите што ги исполнуваат следните критериуми:

- образецот за онлајн пријавување е целосно пополнет и/или бараната документација и анекси се поставени на серверот;
- поднесувањето на предлогот е во рокот што е наведен во отворениот повик;
- бараната финансиска поддршка е детално разложена и во согласност со финансискиот распон на конкретниот тип на грант во повикот;
- периодот на спроведување е во согласност со периодот на спроведување предложен за конкретниот грант во овој повик;
- пријавата содржи активности од листата на активностите кои може да бидат поддржани со овој отворен повик;
- пријавата е поднесена од ГО регистрирана во Македонија најмалку 2 години пред крајниот рок за пријавување.

Критериуми за учество

Критериумите за учество за подносителите на предлог проекти се применливи во целост и за партнерските организации.

Организациите на кои ќе им бидат доделени финансиски средства од оваа програма се очекува за време на спроведување на проектот да ги почитуваат основните принципи вклучувајќи ги принципите што се однесуваат на антикорупцијата, кодексот на однесување и заштитата на животната средина.

Организации кои веќе се корисници на грант од истата програма на главниот донатор СИДА не можат да бидат корисници и на овој грант.

Содржина на пријавата

Подносителите на предлог проекти треба да ја поднесат пријавата само преку електронската (online) софтверска алатка (систем) следејќи ги инструкциите од упатството за користење на платформата.

Заинтересираните организации може да пристапат и да ги поднесат своите пријави преку електронската Платформа за грантови и повици на веб страната на Еко-свест https://ekosvest.com.mk во менито на Објави/Грантови.

Критериуми за избор

Критериум	Индикативен опис на критериумите	Поени	Минимален број на поени
Релевантност	Како предлог проектот е поврзан со целите на повикот? Дали тоа може да биде поддржано со квалитетна анализа, каква методологија ќе биде користена за реализација на активностите?	30	20
Искуство, управување со ресурси, синергии и партнерства	Дали организацијата има директно искуство со приоритетот на програмата? Какви човеки ресурси поседува организацијата и како ќе ги вклучи во проектот? Какви докази може да обезбеди за воспоставени партнерства (писма за соработка, меморандуми, договор и сл.)?	20	-

Критериуми за избор

Активности и буџет	**Дали предложените активности водат кон остварување на целите на повикот? Дали има ефикасно користење на ресурсите за добивање максимален резултат? Дали буџетот е реален, оправдан,одговара на предложените активности, се темели на пазарни цени и ефикасно придонесува за остварување на резултати со висок квалитет? Дали и како ќе се вклучат граѓаните во текот на сите проектни фази?**	**20**	**-**
Импакт, видливост, евалуација, одржливост	Каква промена или влијание за промена ќе има проектот во општеството или локалната заедница? Дали има јасна и реална визија на промената што ќе се постигне со проектот? Како проектот ќе обезбеди видливост во јавноста? Како ќе се комуницираат и споделуваат активностите и резултатите и до кого? Како ќе се следат активностите и како ќе се оценуваат резултатите? Како организациите ќе покажат колку и на кој начин ги применуваат петте трансферзални перспективи на СИДА? Постои ли јасна одржливост на проектните резултати по завршувањето на проектот? Има ли можност за нови иницијативи?	30	-
Вкупно поени		100	60

Платформа за грантови



Sweden
Sverige

Профил на корисник



Sweden
Sverige

Профил на организација



Sweden
Sverige

Пријава за грант



Sweden
Sverige

Упатство за користење

УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА

ПЛАТФОРМАТА ЗА ГРАНТОВИ И ПОВИЦИ

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиран поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Содржина

1. Регистрација на корисник....2
   1.1 Пристап до апликацијата....2
   Уреди го профилот....6
2. Регистрација на организација....10
   2.1 Креирање на организација....10
   2.2 Уреди го профилот....12
3. Приклучи се кон организација....17
4. Пополнување на пријава....19
   4.1 Буџет....25

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиран поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Видливост и комуникација на проектите

Проектите мора да го следат упатството за видливост и брендинг кое ќе биде искомуницирано со избраните проекти непосредно пред потпишување на договорите за грант.

Јавноста мора соодветно да биде информирана за вашиот проект или акција. Употребата на ознаките на донаторот се вршат со претходна согласност од Еко-свест.

Проектните концепти треба да обезбедат соодветна видливост на проектните активности, интервенции и резултати согласно барањата на Еко-свест и донаторот следејќи го Водичот.

Медиумската кампања е одговорност на Еко-свест а грантистите се должни да обезбедат информации и податоци за истата поврзани со нивниот грант.

Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска." (Font size 7).

Прашања и информации

Сите останати општи информации поврзани со овој повик кои се надвор од погоре споменатите специфични услови, може да се добијат преку Водичот за Програмата за грантови.

Сите прашања и информации може да се упатат преку веб страната на Еко-свест т.е. коментари на Објавата на самиот повик. Одговорите на сите прашања ќе бидат јавно достапни за сите како одговор на поставените коментари и прашања под самиот повик на веб страницата на Еко-свест https://ekosvest.com.mk.

Дополнителни информации и одговори на прашања ќе може да се добијат и преку онлајн информативната сесија.

ЗАЕДНО ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА

Sweden Sverige

Еко-Svest

MYLA

CNVP
Building a Greener Economic Environment